**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За свикување на 16 (шеснаесеттата) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.10.2022 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

## Д н е в е н р е д

27. Усвојување на Записникот од петнаесетатта седница на Советот на општина Долнени.
28. Квартален извештај за извршување за К1, К2 и К3.
29. Одлука за измена и дополнување на Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Долнени за 2022 година.
30. Одлука за претанок на мандат на член во управен одбор во ООУ„ Али Фетхи Окјар“ - Дебреште.
31. Одлука за назначување на нов член на училишниот одбор во ООУ„ Али Фетхи Окјар“ - Дебреште.
32. Одлука за Одобрување на иницијатива за изработка на Урбанистичка Документација вон Урбанистички план во н. м Лажани.
33. Давање на согласност за утврдување на цените на изнесување комунален отпад по категории.

Претседател на Советот

на општина Долнени – Долнени

____________________________

Хусеин Хасановиќ с.р

# З А П И С Н И К

Од одржаната 15 (петанесетатта) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.10.2022 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 14-членови и тоа: Виктор Перески, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски и Ахмедин Рамовиќ. Оправдано отсутна беше Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н р е д

8. Усвојување на Записникот од четиринаесеттата седница на Советот на општина Долнени.
9. Одлука за усвојување на збирен извештај (Елаборат) за проценетите штети предизвикани од невремето на територијата на општина Долнени
10. Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација на општина Долнени.
11. Одлука за проширување на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
12. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
13. Годишна Програма за активностите на општина Долнени во областа на заштитата и спасување за 2022 година.
14. Разно.

По читањето на дневниот ред претседателот на советот предложи да се надополни дневниот ред со уште една точка. Давање на согласност за утврдување на цена на изнесување комунален отпад по категории.
Вака преставениот дневен ред со дополнување беше ставен на гласање од кој сите присутни советника гласаа ЗА,

1.По однос на првата точка од дневниот ред збор без никаква дискусија од страна на советниците претседателот точката ја стави на гласање од кој сите 14 советника гласаа ЗА.
2. По однос на втората точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрацијата Соња Ѓорѓиоска која образложи за што станува збор. Вака преставената одлука за поплавата претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 14 советника гласаа ЗА.

3. По однос на третата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрацијата Сатки Мифтари кој образложи за што се работи и нагласи дека комуналите за производство на електрична енергија не се ослободуваат сите само тие што ќе произведат под мега ват другите ќе плаќаат. Вака преставената одлука претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите 14 советника гласаа ЗА.

4. По однос на четвртата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците претседателот на советот оваа точка ја сатви на гласање од кој 14 советника гласаа ЗА.
5. По однос на четвртата точка од дневниот ред повторно збор зеде советникот Изет Сулејманоски кој предложи како член во управниот одбор во ООУ Али Фетахи Окјар да биди Сулејман Бајрамоски. Вака преставената одлука за беше ставена на гласање од кој 14 советника гласаа ЗА.
6. По однос на шестата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрацијата Сатки Мифтари кој образложи за што се работи и дека станува збор за н. м Лажани каде што е стадионот поѓто ко се правел урбанистичкиот план стадионот не е во опфатот па општината тоа го прави на нејзин трошок. Вака преставената одлука за беше ставена на гласање од кој 14советника гласаа ЗА.
7. По однос на седмата точка од дневниот ред без збор зеде претставникот од ЈКП – Долнени Владо кој објасни за што се работи и дека цената за отпад ќе се зголемат но не драстично. Потоа збор зеде советникот Нади Садикоски кој нагласи дека ЈКП – Долнени се жалат дека слаби се финансиски а директорот со службена кола си шета на кафе по пикник и друго. Потоа збор зеде советникот Ахмедин Рамовиќ кој нагласи доколку ЈКП тоа го прифатила и ние како совет тоа ќе го прифатиме. Вака преставената одлука за беше ставена на гласање од кој 14 советника гласаа ЗА.
8. По однос на осмата точка од дневниот ред претседателот ги прочитанеколкуте барања кои беа упатени до советот на општина Долнени.

Барање од Аце Митрески од с. Браилово кој бара финансиска помош бидејќитреба да се оперира. Советот донесе заклучок да мусе доделат 25.000 денари. Барање од Мартиноски Петар од с. Заполжани кој бара помош за настанататапрерана смрт ан неговиот брат. Советот донесе заклучок да мусе доделат 25.000 денари.

Барање од Адемоски Шазиман кој е во тешка финансиска состојба и неговотоздравје е нарушено. Советот донесе заклучок да мусе доделат 10.000 денари. Барање од Соколоски Сашо од с. Заполжани кој ги има оперирано двете нозе.Советот донесе заклучок да мусе доделат 20.000 денари.

З а п и с н и ч а р

________________________

Еркан Ајдароски

П р е т с е д а т е л

на Советот на општина

______________________

Хусеин Хасановиќ